# Изопачени лаги

Ана Хуанг

САКАМ КНИГИ

За сите чија омилена боја е морално сивата.

*Плејлиста*

“Tears of Gold” (бавна) – Faouzia
“Made to Love” – John Legend
“God is a Woman” – Ariana Grande
“Infinity” – Jaymes Young
“Style” – Taylor Swift
“Crazy in Love” – Sofia Karlberg
“Coffee” – Miguel
“Heat Waves” – Glass Animals
“I Know You” – Skylar Gray
“Beautiful” – Bazzi
“Die For You” – The Weeknd
“Harleys in Hawaii” – Katy Perry
“Said I Loved You But I lied” – Michael Bolton
“Wanted” – Hunter Hayes

## ПОГЛАВЈЕ 1

### *Стела*

„Стела!“

Срцето почна забрзано да ми чука. Ништо не го поттикнуваше мојот „бори се или бегај“ рефлекс како звукот на гласот на Мередит.

„Да?“ Го скрив мојот страв зад неутрален израз на лицето.

„Верувам дека самата можеш да ги вратиш сите работи во канцеларијата.“ Го облече капутот и ја префрли ташната преку рамото. „Имам резервација за вечера што едноставно не можам да ја пропуштам.“

„Се...“

Исчезна низ вратата.

„Разбира дека можам,“ доврших.

Фотографот ми упати сочувствителен поглед, на кој одговорив со изморено собирање на рамената. Не бев првата помошник-уредничка на списание која страдаше од тиранијата на својот шеф и немаше да бидам ниту последната.

Некогаш работењето во модно списание ќе ми беше сон. Сега, по четири години работа во *Ди-Си Стајл*, реалноста на работата го имаше згаснато сјајот кој некогаш го имаше работната позиција.

Додека ги собрав работите за фотосесијата, ги оставив во канцеларијата и тргнав кон дома, челото ми беше сјајно од потта, а мускулите беа на добар пат да се претворат во желе.

Сонцето зајде пред половина час, а уличните светилки фрлаа магловита портокалова светлина врз тротоарите прекриени со снег.

Градот беше под предупредување за снежна бура, но лошото време се очекуваше да настапи подоцна таа вечер. Исто така побрзо беше да пешачам до дома отколку да се возам со метрото, кое полудуваше секогаш кога имаше дури и два сантиметри снег.

Некој би помислил дека градот би бил подобро подготвен, со оглед на тоа што секоја година паѓаше снег, но не. Не и Вашингтон.

Не требаше да гледам во телефонот додека одев, особено со оглед на временските услови, но не можев да се воздржам.

Ја отворив е-поштата што ја примив тоа попладне и зјапав во неа, чекајќи зборовите да се распоредат во нешто помалку вознемирувачко, но тоа не се случи.

*Почнувајќи од 1 април, цената на приватна соба во Гринфилд Сениор Ливинг ќе се зголеми на 6500 долари месечно. Однапред се извинуваме за непријатностите што може да ги предизвика ова, но убедени сме дека промените ќе резултираат со уште поквалитетна грижа за нашите станари...*

Зеленото смути што го испив за време на ручекот, ми зовре во стомакот.

*Непријатности*, велеа. Како да не ја качуваа цената на установа за згрижување на стари лица за повеќе од дваесет проценти. Небаре живите, *ранливи* човечки суштества немаше да страдаат од алчноста на новата управа.

*Вдиши, еден, два, три. Издиши, еден, два, три.*

Се обидов да им дозволам на длабоките здивови да ми ја олеснат вознемиреноста.

Мора практично ме порасна. Таа беше единствената личност која секогаш беше тука за мене, иако сега не знаеше која сум. *Не можев* да ја префрлам во нова установа за згрижување. Гринфилд беше најдобра во околината и стана нејзин дом.

Никој од кругот на моето семејство и пријатели не знаеше дека плаќав за грижата за неа. Не ги сакав неизбежните прашања од нив кои ќе дојдеа ако им кажев.

Само морав да најдам начин да ги покријам повисоките трошоци. Можеби можев да прифатам уште некое партнерство или да се испазарам за повисоки цени за мојот блог и Инстаграм. Ме чекаше вечера со *Деламонте* во Њујорк, за која мојот менаџер рече дека ќе биде аудиција за нивната позиција како амбасадор на брендот. Ако...

„Госпоѓице Алонсо."

Длабокиот, раскошен глас ми ја допре кожата како црно кадифе и ме натера да се закопам во место. По него следуваа морници, поттикнати подеднакво од задоволство и предупредување.

Го препознав тој глас.

Го имав слушнато само трипати во мојот живот, но доволно беше. Беше незаборавен, исто како и човекот кој го поседуваше.

Претпазливост затрепери во моите гради пред да ја потиснам. Ја свртев главата, а погледот ми помина по моќните зимски гуми и елегантните, карактеристични линии на црниот Мекларен што стоеше до мене, пред да стигне до отворениот совозачки прозорец и сопственикот.

Срцето ми застана на миг.

Темна коса. Очи со боја на виски. Лице што беше толку исклучително, како Микеланџело да го имаше извајано.

Кристијан Харпер.

Главен извршен директор на елитна компанија за обезбедување, сопственик на *Мираж*, зградата каде што живеев и веројатно најпрекрасниот, најопасниот маж што некогаш сум го запознала.

Немав ништо друго, освен инстинктот, за да го поткрепи *опасниот* дел од мојата проценка, но шестото сетило никогаш не ме излажало.

Вдишав. Го испуштив воздухот. И се насмевнав.

„Господине Харпер.“ Мојот љубезен одговор беше пречекан со заједлива веселост.

Очигледно, само нему му беше дозволено да им се обраќа на луѓето со нивното презиме, како сите да живеевме во огромна, полна сала за состаноци.

Очите на Кристијан ги следеа снегулките кои паѓаа врз моето рамо, пред повторно да се сретнат со моите.

Срцето ми застана на уште еден миг.

Под тежината на неговиот поглед се појавија ситни искри од електрицитет и ми беше потребна сета волја за да не се повлечам и да се стресам од чудното чувство.

„Прекрасно време за прошетка.“ Неговата забелешка беше уште позаједлива од неговиот поглед.

По вратот ме облеа топлина. „Не е толку лошо.“

Токму тогаш ја забележав вознемирувачката брзина со која се таложеше снегот. Можеби прогнозата за невремето беше *малку* неточна.

„Мојот стан е на само дваесет минути,“ додадов за да... не знам. Докажам дека не бев глупава што шетав низ градот по снежна бура, веројатно.

Од оваа перспектива, можеби требаше да се качам во метрото.

„Бурата веќе зема замав, а тротоарите се замрзнати.“ Кристијан ја потпре надлактицата врз воланот – дејство што не смееше да биде толку привлечно. „Ќе те префрлам.“

И тој живееше во *Мираж*, па логично беше. Всушност, неговиот стан беше еден кат над мојот.

Сепак одмавнав со главата.

Помислата да седам во затворен простор со Кристијан, дури и на неколку минути, ме исполни со чудно чувство на паника.

„В ред сум. Сигурна сум дека имаш други попаметни работи отколку да ме возиш наоколу, а шетањето ми ја разбиструва главата.“ Зборовите набрзина се излеаја. Не дрдорев често, но кога го правев тоа, не можеше да ме запре

ниту нуклеарна експлозија. „Добра вежба е, а и морам да ги тестирам новите чизми за снег. За првпат ги носам оваа сезона.“ *Престани да зборуваш.* „Па, колку и да ја ценам твојата понуда, морам културно да одбијам.“

Го заршив мојот неповрзан говор речиси без воздух.

Станував подобра во кажувањето „не“, но сепак секојпат образложував.

„Дали тоа има логика?“ додадов кога Кристијан продолжи да молчи.

Леден налет на ветер избра да задува во тој миг. Ми ја турна качулката на капутот од главата и продре низ слоевите облека до моите коски, против моја волја терајќи ме да се стресам.

Во студиото се препотував, но сега толку ми студеше што дури и споменот на топлината беше замрзнат.

„Има.“ Кристијан конечно прозборе, но не можев да му ги прочитам тонот и изразот на лицето.

„Супер.“ Зборот стресено излезе низ моите растреперени заби. „Тогаш ќе те...“

Ме прекина тивкиот *звук* на врата што се отклучи.

„Влегувај во колата, Стела.“

Влегов во колата.

Си реков дека го сторив тоа бидејќи температурата некако падна за дваесет степени во рок од пет минути, но знаев дека беше лага.

Моето тело го послуша звукот на моето име, со тој глас, изговорено со толку смирен авторитет, пред да успеам да се побунам.

Како за човек кој едвај го познавав, имаше повеќе моќ над мене отколку кој било друг.

Кристијан тргна и сврте некое копче на контролната табла. По секунда, почна да дува топол воздух и ја стопли мојата замрзната кожа.

Колата мирисаше на раскошна кожа и скапи зачини и беше морничаво чиста. Немаше празни опаковки, немаше полупразни чашки од кафе, немаше ниту трошка ѓубре.

Се опуштив во седиштето и погледнав во човекот до мене.

„Секогаш го добиваш тоа што го сакаш, така?“ весело прашав, обидувајќи се да ја потиснам необјаснивата напнатост во воздухот.

Упати еден краток поглед кон мене, пред да се сконцентрира повторно на патот. „Не секогаш.“

Наместо да ја снема, напнатоста се зголеми и продре во моите вени. Жешка и немирна, како жарче кое чека налив на кислород за да се разгори.

*Неуспешна мисија.*

Ја свртев главата и погледнав низ ветробранското стакло, премногу расеана од сите настани тој ден за да се обидам понатаму да разговарам.

Не помагаше ниту тоа што вознемиреноста ми се качуваше во градите кон грлото.

Требаше да бидам ладнокрвна, смирена, онаа што го гледаше доброто во секоја ситуација и беше разумна без разлика на ситуацијата. Тоа беше сликата што ја покажував пред светот во текот на мојот живот, бидејќи тоа се очекуваше од мене како Алонсо.

Еден Алонсо не страдаше од напади на анксиозност, ниту ги поминуваше ноќите грижејќи се за секоја ситница што можеше да тргне наопаку следниот ден.

Еден Алонсо не одеше на терапија и не ги кажуваше приватните работи пред непознат човек.

Еден Алонсо требаше да биде совршен.

Го завиткав ланчето околу прстот додека не ми прекина циркулацијата.

Моите родители веројатно би го *обожавале* Кристијан. На хартија, беше сосема совршен.

Богат. Згоден. Со добро однесување.

Го презирав тоа речиси исто колку што го презирав начинот на кој доминираше со просторот околу нас, на кој неговото присуство навлегуваше во секоја пукнатина додека

не беше единственото нешто на кое можев да се сконцентрирам.

Го вперив погледот во патот пред мене, но белите дробови ми беа исполнети со мирисот на неговата колонска вода, а кожата ми трепереше од свесност за тоа како му се напрегаа мускулите со секое свртување на воланот.

*Не требаше да влезам во колата.*

Покрај топлината, единствената добра страна беше што побрзо ќе стигнев до мојот туш и кревет. Едвај чекав–

„Растенијата се супер."

Изјавата беше дадена толку лежерно и неочекувано што ми требаа неколку секунди за да сфатам дека 1) некој ја нарушил тишината и 2) тој некој всушност беше Кристијан, а не дел од мојата фантазија.

„Молам?"

„Растенијата во мојот стан." Застана на црвено светло на семафорот. „Супер се."

Што... *о.*

Ми светна што ми зборуваше и ми се појави мала искра гордост.

„Мило ми е." Му упатив претпазлива насмевка сега кога разговорот беше на безбедна, неутрална територија. „Потребно им е малку љубов и внимание за да живнат."

„И вода."

Трепнав на неговата очигледна, директна изјава. „И вода."

Зборовите лебдеа меѓу нас уште еден миг пред да се ослободи смеа од моето грло, а устата на Кристијан да се закриви во најмала насмевка.

Атмосферата конечно се разведри, а јазолот во моите гради малку се опушти.

Кога се вклучи зеленото светло, моќното татнење на моторот речиси ги задуши неговите следни зборови. „Имаш магичен допир."

Образите ми се стоплија, но изреагирав со мало собирање на рамената. „Сакам растенија."

„Тогаш си совршена личност за работата."

Неговите растенија беа на апарати кога ја презедов грижата за нив во замена за мојата моментална кирија.

Откако мојата другарка и поранешна цимерка Џулс се исели минатиот месец за да живее со нејзиниот дечко, моите опции беа или да најдам нова цимерка или да се иселам од *Мираж*, бидејќи не можев да си дозволам да ги покривам двата дела од нашата кирија. Се приврзав за *Мираж*, но попрво ќе најдев полошо место за живеење отколку да живеам со туѓинец. Мојата анксиозност не можеше да го издржи тоа.

Кристијан веќе ја имаше намалено месечната кирија за нас кога за првпат го разгледувавме станот и кога спомнавме дека редовната цена беше надвор од нашиот буџет, но бев шокирана кога го предложи нашиот моментален договор откако му ја изложив можноста за иселување.

Беше малку сомнително, но му беше пријател на мојот друг пријател, сопругот на Бриџет, па така полесно ја прифатив неговата понуда. Пет недели се грижев за неговите растенија и ништо ужасно не се случи. Никогаш не го гледав кога се качував горе. Сама влегував, ги наводнував растенијата и заминував.

„Како знаеше дека можам да го правам тоа?“ Можеше да предложи какви било други задачи – да ги завршувам неговите секојдневни обврски, да ги перам неговите алишта, да му ја чистам куќата (иако веќе имаше куќна помошничка). Работата со растенијата беше чудно конкретна.

„Не знаев.“ Во неговиот глас се испреплетоа незаинтересираност и нишка на нешто незабележливо. „Беше само среќна случајност.“

„Не изгледаш како некој што верува во случајности.“

Недостатокот на сентименталност на Кристијан се преливаше во сè што правеше и носеше – во острите линии на неговиот костум, смирената прецизност на неговите зборови, студената далечина на неговиот поглед.

Тоа беа карактеристики на некој кој обожаваше логика, моќ и студена и сурова прагматичност. Не нешто небулозно како случајноста.

Од некоја причина, на Кристијан тоа му беше интересно. „Верувам во тоа повеќе отколку што мислиш.“

Се разгоре заинтригираноста од неговиот скромен тон.

И покрај тоа што имав пристап до неговиот стан, знаев ужасно малку за него. Неговиот поткровен стан беше работна просторија со беспрекорен дизајн и луксуз, но содржеше многу малку лични предмети.

„Би сакал ли да објасниш?“ се обидов.

Кристијан влезе во приватната гаража на *Мираж* и се паркираше на резервираното место во близина на задниот влез.

Немаше одговор.

Од друга страна, не ни очекував да има.

Кристијан Харпер беше човек обвиен во озборувања и сенки. Дури ни Бриџет не знаеше многу за него, туку ја знаеше само неговата репутација.

Не прозборевме повторно додека минувавме низ влезот кон фоајето.

Со својата височина од сто и деведесет сантиметри, Кристијан беше добри дваесет и пет сантиметри над мене, но сепак бев доволно висока за да ги следам неговите долги чекори.

Нашите чекори совршено се усогласија по мермерниот под.

Отсекогаш сум била самокритична за мојата височина, но моќното присуство на Кристијан ме обвиткуваше како безбедносно ќебе, одвлекувајќи го вниманието од мојата амазонска градба.

„Нема веќе шетање по снежни бури, госпоѓице Алонсо.“ Застанавме покрај лифтовите и се свртевме еден кон друг. Неговата незабележлива насмевка се врати, заедно со мрзеливиот шарм и самодоверба. „Не смеам да си дозволам некој од моите станари да умре од хипотермија. Не е добро за бизнисот.“

Уште една неочекувана смеа се слушна од моето грло. „Сигурна сум дека брзо ќе најдеш некој да ме замени.“

Не бев сигурна дали малата задишаност се должеше на студот кој сè уште го чувствував во белите дробови или на тоа што стоев толку блиску до него.

Не бев романтично заинтересирана за Кристијан. За *никого* не бев романтично заинтересирана. Покрај списанието и блогот, немав време ниту да размислувам за состаноци.

Но тоа не значеше дека бев имуна на неговото присуство.

Нешто силно се разгоре зад тие очи со боја на виски пред да се излади. „Не би рекол."

Малата задишаност се претвори во нешто потешко што ми го менуваше гласот.

Секоја реченица од неговата уста беше шифра што не можев да ја пробијам, исполнета со скриено значење кое само тој го знаеше, додека јас бев во информативен мрак.

Трипати во животот имав разговарано со Кристијан. Еднаш кога го потпишував договорот, еднаш во минување на свадбата на Бриџет и еднаш кога зборувавме за ситуацијата за киријата по иселувањето на Џулс.

Сите трипати бев повознемирена од претходно.

*Ајде уште еднаш, за што зборуваме?*

Помина помалку од минута од одговорот на Кристијан, но таа минута се развлече толку бавно што ми се чинеше како вечност.

„Кристијан."

Длабок глас со мал нагласок го пресече конецот на кој се држеше нашиот момент.

Времето се врати во својата вообичаена состојба, а мојот здив излезе во остра издишка пред да ја свртам главата.

Висок. Со темна коса. Маслинеста кожа.

Новодојдениот не беше класично згоден како Кристијан, но ги исполнуваше линиите на својот *Деламонте* костум со толку многу сирова мажественост што беше тешко да се тргне погледот.

„Се надевам дека не ве прекинувам." Човекот во *Деламонте* костумот погледна кон мене.

Никогаш не ме привлекувале постари мажи, а тој сигурно беше во средината или при крајот на своите триесетти, но *леле*.

„Воопшто. Токму навреме си." Трага на нервоза го направи погруб инаку глаткиот одговор на Кристијан. Застана пред мене, попречувајќи ми го видикот кон човекот во костумот и обратно.

Другиот маж ја поткрена веѓата пред маската на рамнодушност да му падне и да открие зајадлива насмевка.

Го заобиколи Кристијан, толку пресметано, речиси како да го задеваше и ја испружи раката. „Данте Русо."

„Стела Алонсо."

Очекував да се ракуваме, но на мое изненадување, ја крена мојата рака и ја допре устата на неа.

Ако дојдеше од кој било друг, ќе беше лигаво, но наместо тоа, во мене избликна некакво задоволство.

Можеби се должеше на нагласокот. Слаба точка ми беше сè италијанско.

„Данте." Под смирената површина на гласот на Кристијан, се криеше сечило кое беше доволно остро за да пресече коска. „Доцниме на состанокот."

Данте изгледаше како да не го загрижуваше тоа. Неговата рака се задржа на мојата уште некоја секунда пред да ја пушти.

„Прекрасно што те запознав, Стела. Сигурен сум дека повторно ќе се видиме." Неговиот раскошен, развлечен говор содржеше некоја трага на смеа.

Се сомневав дека неговата веселост беше насочена не кон мене, туку кон човекот кој нè гледаше со мраз во погледот.

„Благодарам. И мене ми беше мило." За малку ќе му се насмевнев на Данте, но нешто ми кажа дека тоа сега немаше да биде паметен потег. „Имај убава вечер."

Погледнав кон Кристијан. „Добра ноќ, господине Харпер. Фала за превозот."

Вметнав игрив тон во гласот, надевајќи се дека навраќањето на нашата бесмислена формалност од претходно ќе го скрши неговиот камен израз на лицето.

Но не ни затрепери кога ја наведна малку главата. „Добра ноќ, госпоѓице Алонсо."

Добро, тогаш.

Ги оставив Кристијан и Данте во фоајето, мети на повеќе восхитувачки погледи од минувачи и со лифтот се качив во мојот стан.

Не знаев што ја предизвика ненадејната промена на расположението кај Кристијан, но имав доволно свои грижи за да го додавам и него во мешавината.

Претурав по ташната, обидувајќи се да ги најдам клучевите меѓу хаосот од шминки, сметки и ластичиња за коса.

Навистина морав подобро да си ја организирам ташната.

По неколкуминутно барање, мојата рака го дофати металниот клуч.

Токму кога го ставив клучот во бравата, познати морници ми поминаа по кожата и ме натераа да се наежам.

Нагло ја кренав главата.

Немаше други знаци на живот во ходникот, но тивкото зуење на системот за греење наеднаш стана злокобно.

Спомените од истипкани писма и спонтани фотографии ме натераа плитко да дишам, пред да затрепкам и да ги избркам.

*Престани да бидеш параноична.*

Повеќе не живеев во стара, необезбедена куќа во близина на кампусот. Бев во *Мираж*, една од најобезбедените станбени згради во Вашингтон, а од *него* немав никаков абер веќе две години.

Шансите да се појавеше тука, од сите места, беа приближно еднакви на нула.

Но како и да е, итноста ми ги разбуди парализираните раце и нозе. Набрзина ја отклучив влезната врата и ја затворив зад себе. Светлата се вклучија кога го ставив резето.

Успеав да се опуштам дури откако ги проверив сите соби во станот и се уверив дека немаше натрапник кој демне од плакарот или од под креветот.

Сè беше в ред. *Тој* не се вратил, а јас бев безбедна.

Но и покрај убедувањето, мал дел од мене не можеше да се ослободи од чувството дека мојата интуиција беше во право и дека некој ме набљудуваше во ходникот.

## ПОГЛАВЈЕ 2
***Кристијан***

Вратата од библиотеката се затвори зад мене со тивок клик.

Чекорев низ собата, со бавен и одлучен чекор, сè додека не стигнав до делот за седење, каде што Данте се имаше раскомотено со чаша виски.

Мускул ми заигра во вилицата.

Доколку немавме толку долго заедничко минато и ако не му должев за услугата што ми ја имаше направено, главата веќе ќе му беше расцепена од количката со пијалаци до него.

Не само поради тоа што се послужил со мојот алкохол, туку и поради неговата нималку забавна претстава што ја приреди во фоајето.

Не сакав луѓето да го допираат она што беше мое.

„Разведри се, Харпер." Данте мрзливо се напи од својот пијалак. „Во спротивно, лицето ќе ти се вкочани така намуртено и жените веќе нема да го сакаат толку многу."

Мојата студена насмевка му одговори колку воопшто не ми беше гајле. „Можеби ако го послушаше сопствениот совет, сега немаше да спиете во различни соби со твојата свршеница."

Градите ми се исполнија со задоволство кога тој подзамижа. Ако Стела беше мојата слабост, Вивијан беше неговата.

Не бев заинтересиран за подробностите на нивната врска, но ми беше забавно да го гледам како 'ржи секојпат кога ќе ја спомнев свршеницата која тврдеше дека ја мрази.

Си мислев дека јас имам проблеми. Данте ги имаше во вредност од цели две милијарди долари.

„Пораката е примена," рече тој, со отсечен глас. Целиот хумор исчезна, враќајќи го гомнарот без насмевка со кој бев навикнат да соработувам. „Но не дојдов да зборуваме за Вивијан или за Стела, па да се фатиме за вистинскиот проблем. Кога, *по ѓаволите*, ќе можам да се ослободам од сликата? Тоа чудо е вистински очобол."

Ги потиснав темните кадрици и зелените очи на момент од спомнувањето на другата мистериозна жена во мојот живот.

*Магда*, сликата која беше проклетството на моето постоење со децении. Не поради тоа што беше, туку поради тоа што го претставуваше.

„Никој не ти рече да ја закачиш во твојата галерија." Отидов до барот и си ставив пијачка. Данте, тоа копиле, не го вратил капачето на шишето со моето најдобро виски. „Можеш да ја ставиш и во гардероберот, што е до мене."

„Сум платил толку пари за *Магда* само за да ја ставам во гардероберот? Тоа воопшто не би било сомнително." Гласот му беше полн со сарказам.

„Ти имаш проблем. Јас ти понудив решение." Безгрижно ги собрав рамената. „Не сум јас виновен што не сакаш да го прифатиш. И да бидеме начисто..." Се сместив спроти него. „*Јас* платив за сликата."

Во тајност, во секој случај. Што се однесуваше до јавноста, Данте Русо беше гордиот сопственик на едно од најгрдите уметнички дела на светот. Од друга страна, луѓето исто така велеа дека дотичната грдотија беше бесценета слика за која вредеше да се ограби и убие, благодарение на едни обични фалсификувани документи.

Не сакав луѓето да трагаат по неа, но ми требаше изговор зошто имав потрошено толку многу ресурси чувајќи ја.

Не содржеше деловни тајни од епски размери како што сите мислеа. Но *содржеше* нешто лично што никогаш немаше да го споделам.

Тој ме разгледа преку работ од неговата чаша. „Зошто сè уште толку се грижиш за неа? Го доби она што ти требаше од неа и го најде твојот предавник. Едноставно запали ја проклетијата. *Откако* повторно ќе ти ја продадам," додаде тој. „Како претстава за јавноста."

„Си имам свои причини.“

Поточно, една, но тој немаше да ми поверува ако му кажев.

Не можев да поднесам да ја уништам сликата. Беше премногу испреплетена со острите парченца од моето минато.

Не бев сентиментална личност, но постоеја две области од мојот живот за кои мојот вообичаен прагматизам не важеше – Стела и *Магда*.

За несреќа на Аксел, поранешниот вработен кој ја украде *Магда* и ја заложи во *Сентинел*, мојот најголем проклет конкурент, тој не спаѓаше во категоријата на исклучоци.

Тој мислеше дека сликата содржеше исклучително строго доверливи и, според тоа, исклучително профитабилни деловни тајни, затоа што така им имав кажано на неколкутемина на кои им го доверив нејзиното чување.

Тие немаа поим дека вредноста на сликата потекнуваше од нешто многу полично и многу понекорисно за нив.

Се справив со Аксел, почекав доволно време за *Сентинел* да се опуштат, а потоа им го уништив сајбер системот доволно за да им избришам милиони од вредноста. Недоволно за да ги упропастам, бидејќи нешто од такви размери би можело да остави трага што ќе ги доведе до мене, но доволно за да испратам порака.

Идиотите кои раководат со *Сентинел* беа доволно глупави за да се обидат *повторно* да ја украдат сликата откако ја продадоа, затоа што мислеа дека ќе можат да ја искористат за да ми се одмаздат.

Не успеаја да најдат никакви деловни тајни на *Магда*, но знаеја дека ми беше важна. Беа на добар пат, морам да им го признаам тоа. Но требало да најмат некој што не беше второкласен бандит од Охајо за да ја заврши работата.

Обидот на *Сентинел* да си ги прикријат трагите беше толку лош што беше речиси навредливо.

Сега сликата беше во рацете на Данте, што имаше двојна цел – јас не морав да ја гледам и никој, дури ни *Сентинел*, не би се осмелил да украде од него.

Последниот човек што се обидел заврши во тримесечна кома и без два прста, со унаказено лице и скршени ребра.

Данте испушти нетрпелив звук, но беше доволно паметен за да не притиска понатаму.

„В ред, но нема да ја чувам вечно. Ми го уништува колекционерскиот углед," промрмори тој.

„Сите мислат дека е редок уметнички примерок од осумнаесеттиот век. В ред си," реков.

А всушност, сликата постоеше помалку од две децении.

Беше неверојатно колку беше лесно да се фалсификува „бесценето" уметничко дело и документацијата која сведочи за неговата автентичност.

„Ќе ослепам гледајќи во таа грдотија секој ден." Данте помина со палецот по долната усна. „Кога сме кај грдотии, Мадиган официјално го исфрлиле од *Валхала* утринава."

Атмосферата се смени од тежината на новата тема.

„Среќен му пат."

Немав симпатии кон нафтениот тајкун кој во моментов беше тужен од шест поранешни вработени за сексуално вознемирување и напад.

Мадиган отсекогаш бил лигуш. Ова беше првиот пат да биде повикан на одговорност за тоа.

Клубот *Валхала* се гордееше со своето ексклузивно членство, кое беше само со покана, за најбогатите и најмоќните од светот. Голем број од тие членови, вклучувајќи ме и мене, се занимаваа со не баш легални активности.

Но дури и клубот имаше свои граници и дефинитивно не сакаше да биде вовлечен во медиумскиот циркус на судењето на Мадиган.

Бев изненаден што не го избркале и порано.

Со Данте дискутиравме за судењето и за работата некое време, додека тој не се извини за да направи повик.

Како главен извршен директор на *Русо Груп*, конгломерат за луксузни добра кој опфаќаше триесетина брендови за мода, убавина и животен стил, тој поминуваше половина од времето додека беше буден на деловни повици.

Во отсуство на разговор, умот ми заталка кон одредена бринета.